22429

## РЕСЕН

# Збогатена колекцијата на керамичката колонија

**РЕСЕН, СЕПТЕМВРИ. —** Деновиве заврши 20-дневната работа на Четвртата Ресенска керамичка колонија, во чија што работа учествуваа 10 академски керамичари од целата наша земја. Керамичарите -уметници изработија 70 творби (вазни, портрети, икебани, декоративни чинии, керамопластики, керамоскулптури и други експонати). Заедно со порано изработените творби, колекцијата на Колонијата сега брои 180 експонати.

**Керамичките творби есенва ќе бидат изложени во Скопје и други градови на Републиката, со цел со работата на оваа млада ресенска културна манифестација, единствена од ваков вид во нашата Република, да се запознаат што поголем број граѓани и работни луѓе.**

Советот на Колонијата размислува да покрене иницијатива при Фабриката за тули и керамиди во Ресен да се отвори посебен погон за репродукција на дел од творбите што ги изработуваат керамичарите, како и за изработка на сувенири специфични за Преспа.

**Ѓ. Ѓорѓиевски**



Вечер, 11.IX.1975